РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2015 година

# СОДРЖИНА


Резиме ..... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 3

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 4

Инфлација ..... 5

Берзански цени ..... 6

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ..... 8

Увоз ..... 9

Салдо на трговска размена ..... 9

Валутна структура ..... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ..... 10

Буџетски расходи ..... 12

Буџетско салдо ..... 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ..... 13

Плати ..... 14

Пензии ..... 14

5. Монетарен сектор

Примарни пари ..... 15

Депозитен потенцијал ..... 15

Кредити на банките ..... 16

Каматни стапки на депозитни банки ..... 17

Пазар на капитал ..... 17

Девизни резерви ..... 17

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2015 година

- Индустриското производство во јули 2015 година во споредба со јули 2014 година забележа пад од 2,7%;

- Годишната стапка на инфлација во јули 2015 година изнесува -0,4%, по растот на потрошувачките цени во претходните три месеци;

- Извозот во периодот јануари – јули 2015 година забележа раст од 11,0%, а увозот раст од 5,7%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 4,9% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите седум месеци од 2015 година изнесуваа 92.589 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 13,7% во однос на истиот период од 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 103.690 милиони денари, што е за 7,0% повеќе во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 8,9% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 7,4%.

## Индустриско производство

Индустриското производство во јули 2015 година забележа пад од 2,7% во споредба со јули 2014 година, при што раст е забележан единствено во секторот Рударство и вадење камен од 7,8%, додека пад е забележан во секторите Преработувачка индустрија од 3,6% и Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација од 13,2%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во јули 2015 година има Производството на машини и уреди (2,3 п.п.), а најголем негативен придонес има Производство на тутунски производи (2,0 п.п.).




* Пад од 100% е забележан во категоријата Производство на кокс и рафинирани нафтени производи.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во јули 2015 година во однос на јули 2014 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Капитални производи од 28,1% и Трајни производи за широка потрошувачка од 6,5%. Пад е забележан во групите: Енергија од 15,3%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,7% и Интермедијарни производи, освен енергија од 3,7%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во јули 2015 година забележа раст од 1,3%. Растот се должи на зголемениот број на работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,6%. Раст е забележан и во секторот

Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,2%, додека намалување на бројот на работници е забележан во секторот Рударство и вадење камен од 2,8%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јули 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 19,0%, Интермедијарни производи, освен енергија за 0,7% и Трајни производи за широка потрошувачка за 0,3%, додека пад е регистиран кај групите Енергија од 1,9% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,1%.




## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јули 2015 година е речиси на еднакво ниво како во претходниот месец, а во однос на истиот месец претходната година таа е поповолна.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јули 2015 година изнесува 63,6%, што претставува намалување во однос на претходниот месец, кога изнесуваше 64,1%. Споредено со јули 2014 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јули 2015 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила и недоволната странска побарувачка со по 24,7%, недоволната домашна побарувачка со 23,8%, конкурентниот увоз со 6,1%, неизвесното економско опкружување со 5,4% и финансиските проблеми со 4,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јули 2015 година во однос на јуни 2015 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, а залихите на готови производи се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јули 2015 година издадени се 359 одобренија за градење, што е за 71,8% повеќе во однос на истиот месец претходната година. Во однос на мај 2015 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 93,0%, кога биле издадени 186 одобренија за градење. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јули 2015 година, во однос на јули 2014 година е намалена

за 13,6%. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи раст од 93,6%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 231 (или 64,3%) се наменети за објекти од високоградба, 40 (или 11,1%) за објекти од нискоградба и 88 (или 24,5%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 359 издадени одобренија за градба, на 227 (или 63,2%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 132 објекта (или 36,8%) инвеститори се деловни субјекти.




Во јули 2015 година предвидена е изградба на 956 стана, со вкупна корисна површина од 72.255 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 204,5% во однос на истиот месец од 2014 година, а во однос на јуни 2015 година е зголемен за 357,4%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јули 2015 година се намалени за 0,4% во однос на истиот месец 2014 година, по растот на цените во претходните три месеци.




Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – јули 2015 година изнесува -0,3%.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во јули останаа непроменети на годишна основа. Во рамки на оваа категорија, највисок раст бележат цените во поткатегориите Масло и маснотии од 10,1% и Овошје од 7,4%. Цените останаа непроменети и во категоријата Образование. Највисок годишен пад на цените во јули е регистриран во категоријата Транспорт од 8,7%, следен од падот на




цените во категориите Комуникации од 3,4% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,7%. Раст на цените е забележан во категориите: Алкохолни пијалаци и тутун од 5,3%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 3,0%, Рекреација и култура од 2,7%, Ресторани и хотели од 2,3%, Здравје од 1,3% и Облека и обувки од 0,2%.

Потрошувачките цени во јули 2015 година регистрираа пад од 0,7% во однос на претходниот месец. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа пад од 2,2%, што главно се должи на намалувањето на цените во поткатегоријата Зеленчук од 15,9%. Пад на цените во јули е регистриран и во категориите Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,1%, Облека и обувки од 0,4% и Домување, вода, електрика, гас и други горива и Транспорт од по 0,2%. Раст на цените на месечно ниво е регистриран во следниве категории: Алкохолни пијалаци и тутун од 3,5%, Здравје од 1,6%, Ресторани и хотели од 1,4%, Рекреација и култура од 0,8% и Комуникации од 0,2%. Цените во Образование и Останати стоки и услуги останаа непроменети.

Цените на мало во јули 2015 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 1,4%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се пониски за 0,3%. Цените на мало во периодот јануари – јули 2015 година забележаа пад од 1,7%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јули 2015 година забележа месечен пад од 10,4% и достигна цена од 55,9 долари за барел. Во однос на јули 2014 година, цената на нафтата е пониска за 47,8%. Цената на природниот гас во јули во однос на претходниот месец се намали за 1,3%.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во јули 2015 година се тргуваше со просечна цена од 11.413 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечно намалување на цената од 11,0%. Споредено со истиот месец претходната година, цената на

никелот бележи пад од 40,3%. Во јули, месечен пад на цените се забележува и кај останатите основни метали, освен кај калајот, чијашто цена остана непроменета на месечна основа. Така, цената на бакарот се намали за 6,5%, на цинкот за 3,9%, на оловото за 3,6% и на алуминиумот за 2,9%. Цената на железната руда во јули е споредено со јуни е пониска за 17,5%.







Благородните метали во јули исто така забележаа месечен пад на цените, односно цената на платината се намали за 7,3%, на среброто за 6,4% и на златото за 4,5%.

Анализирано на месечна основа, во јули 2015 година цената на пченицата на светските берзи се намали за 5,9%, а цената на пченката се зголеми за 7,7%. Цената на јагнешкото месо во јули забележа месечно намалување од 2,0%.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*




Вкупната надворешно-трговска размена во првите седум месеци од 2015 година изнесува 5.589,3 милиони евра, што претставува раст од 7,8% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари – јули 2015 година, најголемо учество во

вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 68,7%, што претставува намалување од 1,0 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз




Во периодот јануари – јули 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 2.302,9 милиони евра и бележи раст од 11,0% (228,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 4,9%.

Во јули 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 337,9 милиони евра и бележи раст од 5,0% (16,1 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 1,5%.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2015 година извозот бележи пад од 11,3% (43,1 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 8,4% .

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – јули 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 54,2% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – јули од 2015 година споредено со истиот период од 2014 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион и Заедница на независни држави додека пад има кај групациите: Организација на земјите-извозници на нафта и нафтени деривати и Западен Балкан. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 9,3% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан пад од 3,8%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 76,9% и 11,8% соодветно.

## Увоз

Во периодот јануари – јули 2015 година вредноста на увезените стоки изнесува 3.286,4 милиони евра и бележи раст од 5,7% (177,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 0,7%.




Вредноста на увозот во јули 2015 година изнесува 496,8 милиони евра, што претставува намалување од 0,9% (4,6 милиони евра) во однос на истиот месец 2014 година, а увезените количини на стоки се намалени за 7,7%.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2015 година увозот бележи пад од 3,3% (17,1 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 12,9%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2014 | I - VII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 70,3 | 33,2 | -37,0 | -52,7 |
| Мил. ЕУР | 30,2 | 19,1 | -11,1 | -36,8 |
| Мил.$ | 41,2 | 21,2 | -20,0 | -48,6 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2014 | I - VII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 560,3 | 510,3 | -50,0 | -8,9 |
| Мил. ЕУР | 314,8 | 243,3 | -71,5 | -22,7 |
| Мил.$ | 430,6 | 270,3 | -160,3 | -37,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2014 | I - VII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 7,5 | 9,7 | 2,2 | 30,0 |
| Мил. ЕУР | 350,9 | 439,1 | 88,2 | 25,1 |
| Мил.$ | 480,1 | 487,6 | 7,5 | 1,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2014 | I - VII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 18,6 | 18,3 | -0,4 | -1,9 |
| Мил. ЕУР | 51,0 | 68,4 | 17,5 | 34,3 |
| Мил.$ | 69,8 | 75,8 | 6,0 | 8,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2014 | I - VII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 348,1 | 350,4 | 2,4 | 0,7 |
| Мил. ЕУР | 323,8 | 328,0 | 4,1 | 1,3 |
| Мил.$ | 442,2 | 363,4 | -78,9 | -17,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2014 | I - VII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 291,8 | 359,5 | 67,7 | 23,2 |
| Мил. ЕУР | 144,4 | 171,0 | 26,6 | 18,4 |
| Мил.$ | 197,5 | 189,6 | -8,0 | -4,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите седум месеци од 2015 година, трговскиот дефицит се намали за 4,9% односно 50,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во јули 2015 година трговскиот дефицит се намали за 11,6% односно 20,8 милиони евра споредено со јули минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.




Во периодот јануари – јули 2015 година 80,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Турција, а потоа следуваат: Кина, Италија, Русија, Романија, Јужна Африка, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Босна и Херцеговина и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 81,5% од трговската размена во периодот јануари – јули 2015 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2014 година претставува зголемување од 3,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 87,2% и 77,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,2 п.п., додека кај увозот е зголемена за 5,1 п.п. во однос на периодот јануари – јули 2014 година.

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Во периодот јануари – јули 2015 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 92.589 милиони денари, односно 16,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 13,7% во однос на истиот период 2014 година.




Даночните приходи за првите седум месеци се реализирани во износ од 53.542 милиони денари, односно 9,7% од БДП и во однос на истиот период од 2014 година се зголемени за 14,0%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 24.420 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 45,6%. Акцизите се остварени во износ од 10.949 милиони денари (учество од 20,5% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни данока во овој период се остварени приходи од 35.369 милиони денари, што претставува 66,1% од вкупните даночни приходи (6,4% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 34.830 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 10.409 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 2,0%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 15,9% споредено со истиот период 2014 година).

Во структурата на наплатата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува зголемување од 1,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 5,3%. Учеството на ДДВ донациите е незначително (0,3%) и забележува помало остварување за 68,7%. Набљудувано по одделни категории на даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 7.129 милиони денари и забележуваат раст од 7,0% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 67,6% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,2% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 5,3% по основ на договор на дело, 6,6% од приходи од капитал и 3,9% од приходи од имот и имотни права. Споредено со истиот период 2014 година приходите од данокот од добивка во износ од 8.252 милиони денари забележаа, како и претходните кумулативи (почнувајќи од јануари–март до јануари – јули), рекордно зголемување од 165,3% (2,7 пати), што главно е резултат на данокот наплатен по основ на даночни биланси со учество од 59,2% во вкупниот данок на добивка, по месечни аконтации со 29,6%, од исплатена дивиденда и друга распределба од добивката учество од 5,9% и 4,6% по основ на задржан данок на исплатените приходи на странски правни лица.

Приходите од ДДВ забележаа намалување од 3,0%, додека акцизите забележаа зголемување од 22,1%. Приходите од царина беа остварени во износ од 2.389 милиони денари и забележаа намалување од 2,4%. Приходите од други даноци со остварен износ од 403 милиони денари забележаа намалување од 30,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 6.845 милиони денари и во однос на истиот период 2014 година забележаа раст од 17,1% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.831 милиони денари (од вкупните приходи по оваа основа 875 милиони денари се средствата од дивидендата уплатена во месец мај), што претставува зголемување од 35,1% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.890 милиони денари, односно за 49,4% повеќе во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 27.257 милиони денари, што е за 9,4% повеќе споредено со истиот период 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите од пензиско и инвалидско осигурување од 9,3%, кај придонесите за здравствено осигурување од 9,6% и кај придонесите за вработување од 9,3%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2015 година изнесуваа 103.690 милиони денари, односно 18,8% од БДП, што е за 7,0% повеќе во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 94.866 милиони денари се зголемени за 8,8% во однос на истиот период 2014 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 65.955 милиони денари и учествуваа со 63,6% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 14.263 милиони денари, така што нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,8%, а во однос на 2014 година се зголемени за 6,6%. Расходите за стоки и услуги изнесуваа 10.215 милиони денари, со учество од 9,9% во вкупните расходи и споредено со истиот период од 2014 година се реализирани за 14,0% повеќе.

Социјалните трансфери изнесуваа 47.604 милиони денари и забележаа раст од 5,6% споредено со истиот период 2014 година и учествуваа со 45,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 28.810 милиони денари, со реализација која е зголемена за 3,3%, споредено со истиот период 2014 година и учество од 27,8% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,9%, односно забележаа зголемување од 7,5%, споредено со истиот период 2014 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 8.513 милиони денари, беа реализирани за 4,6% повеќе во однос на истиот период претходната година. Субвенциите кои се реализирани во износ од 8.025 милиони денари учествуваат со 7,7% во вкупните расходи.

Каматите се реализирани во износ од 4.433 милиони денари, што е за 49,2% повеќе во споредба со истиот период 2014 година. Ваквото остварување е поради исплата на доспеаните обврски за камати од задолжување во земјата и во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 13,8%, додека за странство беа зголемени за 80,8%.

Во анализираниот седуммесечен период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 8.824 милиони денари, со структурно учество од 8,5% во вкупните расходи (1,6% учество во БДП) и забележаа помала реализација за 8,5% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јули 2015 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 11.101 милиони денари, додека дефицитот на Централниот буџет е изнесува 9.686 милиони денари.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ




Во периодот јануари – јули 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 107.018 нови засновани работни односи. Вкупниот број новоработени во овој период е поголем за 5,8% во однос на истиот период 2014 година.

Од вкупниот број новоработени, 48,8% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јули 2015 година 24,7% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 215.973, од кои 119.684 се активни баратели на работа, а 96.289 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е поголем за 1,0%.

Најголем дел од невработените лица (69,3%) се градско население, а 59,5% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,1% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,8% се со завршено средно образование, додека 15,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 37,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,6% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јуни 2015 година оствари годишен раст од 3,7%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,2%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (23,6%), Други услужни дејности (11,5%) и Рударство и вадење камен (8,6%). Реалните плати во јуни забележаа годишен раст од 3,2%.




Просечната номинална бруто-плата во јуни 2015 година оствари годишен раст од 4,0%, а во однос на претходниот месец таа е пониска за 0,3%. Најголем раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (20,5%), Други услужни дејности (11,9%) и Рударство и вадење на камен (8,3%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 3,5%.




Процентот на вработени кои не примиле плата во јуни 2015 година изнесува 1,9% и во однос на истиот месец претходната година е повисок за 0,4 п.п, а е повисок за 0,3 п.п. и во однос на мај 2015 година.

## Пензии

Во јули 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 296.942 пензионери, што претставува зголемување од 1,5% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 276 лица. Од вкупниот број пензионери, 60,1% се корисници на старосна пензија, 25,8% на семејна пензија и 14,2% на инвалидска пензија.



Просечната пензија во јули 2015 година изнесува 12.444 денари и е непроменета во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јуни 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,6%.

Просечната старосна пензија во јули изнесува 13.843 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.186 денари, а просечната семејна пензија изнесува 9.843 денари. За исплата на пензиите во јули 2015 година се потрошени 3.600,05 милиони денари, што претставува 51,9% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во јули 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.




## Примарни пари

Во јули 2015 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 6,4% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 13,9%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа пад од 0,1%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа раст од 6,0%, при раст на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек од 6,3% и 5,8%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Вкупните депозити на банките во јули регистрираа пад од 1,0% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека депозитите на приватните претпријатија забележаа пад од 6,1%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,5% во однос на претходниот месец. Од аспект на валутата, споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута и странска валута се намалија за 1,0% и 1,1%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во јули 2015 година оствари раст од 7,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше воден од депозитите

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

во домашна валута, кои забележаа раст од 10,0%, а депозитите во странска валута се зголемија за 3,8%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( јули 2015 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 286504 | -1,0% | 7,4% |
| Денари | *168741* | -1,0% | 10,0% |
| Странска валута | *117763* | -1,1% | 3,8% |
| Краткорочни | *143930* | -1,0% | -0,6% |
| Долгорочни | *79346* | 0,3% | 11,4% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | 265702 | 0,2% | 8,9% |
| Денари | *211216* | 0,9% | 11,8% |
| Странска валута | *54485* | -2,7% | -1,0% |

Извор: НБРМ

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 6,2%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 8,6%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 11,4%, а краткорочните депозити се намалија за 0,6%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,9%.

## Кредити на банките




Во јули 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,2% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека кредитите кон домаќинствата во јули остварија раст од 1,2%, а кредитите кон претпријатијата регистрираа пад од 0,6%. Од аспект на валутата, во јули 2015 година денарските кредити се зголемија за 0,9%, додека девизните кредити забележаа пад од 2,7% во однос на минатиот месец.

На годишна основа, во јули 2015 година вкупните кредити се зголемија за 8,9%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 6,1% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,8% а кредитите во странска валута регистрираа пад од 1,0%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 12,2%, а краткорочните кредити се повисоки за 2,9%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Вкупната каматна стапка на кредитите во јули изнесува 6,8% и остана непроменета во споредба со претходниот месец. Каматната стапка на денарските кредити е намалена за 0,1 п.п. во споредба со минатиот месец и изнесува 7,0%, додека каматната стапка на девизните кредити изнесува 5,9% и е непроменета во однос на минатиот месец. Вкупната каматна стапка на депозитите во јули изнесува 2,1% и е намалена за 0,1 п.п.. Каматните стапки на денарските депозити и девизните депозити останаа непроменети во однос на јуни 2015 година и изнесуваат 2,9% и 1,3%, соодветно.




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јули 2015 година вкупниот промет на берзата регистрираше намалување од 72,6% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување за 72,1% како и падот на прометот од блок трансакциите за 91,0%.

Вкупниот промет на берзата во јули изнесуваше 120 милиони денари што претставува пад од 24,7% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во јули 2015 година изнесуваше 1.658,25 индексни поени, што претставува раст од 1,1% на месечно ниво, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е понизок за 2,1%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јули 2015 година изнесуваа 2.198,3 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 56,5 милиони евра, додека во однос на јули минатата година се намалени за 178,9 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk